Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3188/1 од 31.08.2021 година, против повеќе лица, со наводи за корупливни дејствија, незаконитости и блиски односи помеѓу службени лица и бизнисмени, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-3188/1 од 31.08.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител на ден 31.08.2021 година поднесена е пријава против повеќе лица во која се изнесени наводи за корупливни дејствија, незаконитости и блиски односи помеѓу службени лица и локални бизнисмени од /// регион, и оформен е предмет со број 12-3188/1 од 31.08.2021 година.

Во пријавата подносителот посочува неколку случаи за кои изнесува наводи дека локални бизнисмени оствариле лична корист, и притоа изразува сомневање дека користа е остварена на штета на јавниот интерес. Од страна на подносителот се изнесени наводи за неправилна евиденција на ископот на руда во /// – ///, за незаконитости во продажбата на правно лице со дејност од областа на земјоделството пред подолг временски период и за диктирање на ниски откупни цени на грозјето од страна на /// на штета на лозаропроизводителите. Дополнително, изразено е сомневање за повеќе незаконитости во работењето на претседателот на Основниот суд ///, без посочување на конкретни постапки или предмети.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата дел од пријавените лица не се службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, во пријавата се содржани општи наводи и нема доволно податоци со кои истите би се конкретизирале, а нема ниту можност да се обезбедат дополнителни информации.

Следствено, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.

Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk